Теута ШАБАНИ

37. 091. 5. 01

# РОБЕРТ ДРАЈКУРС И ТОМАС ГОРДОН – ТВОРЦИ НА МОДЕЛИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНА ВО УЧИЛНИЦАТА

**Abstract**

Most people consider discipline to be a set of punishing actions used against students when they misbehave. The children also have prejudices towards discipline, which they consider to be a set of rules established by the adults in order to show them where their place is, beneath them. Unfortunately, there are children, who experience discipline as a punishment which is administered without a reason so they have a tendency to resist punishment.. The process of creating discipline in a class is a difficult one. This is why, we can have good educational influence on some children and not so good on other. Discipline needs freedom of choice and understanding of the consequences and should not be imposed by an authority,bit it should come from the individuals themselves. The discipline in the class assumes setting limitations on the students until they are trained to set limitations into themselves. In order to teach the children self-discipline, it is necessary to create positive and acceptable climate in the classroom where the students can develop a feeling of belonging and where they can give their contribution for successful team work. This type of discipline is more productive, opposite towhen discipline is based on punishment and threats, which does not stimulate the initiative for self-discipline in the children, or self-control for that matter, but on the contrary the children will do whatever it takes to continue their misbehavior. The teachers who think that they need to use punishment and threats in order to control the students will never create a classroom in which there will be productive self-discipline.

**Key words:** *discipline, educational work methods, social awareness, feeling for belonging, class, students.*

## Дисциплина во училницата

Сите оние кои ја практикуваат наставничката професија од предучилишно до високошколско ниво, го доживуваат фактот дека училницата во која владее дисциплина е поволно опкружение за едно ефективно и творечко учење, за постигнување високи резултати во наставата, премиса за професионална сатисфакција на наставникот, како и гордост за родителите и поширокото општество. Дисциплината, како клучна компонента за ефикасно управување со училницата, претставува систем на мерки и стратегии кои наставникот ги користи за да го управува однесувањето на учениците и нивните ставови во текот на наставниот процес и вон наставата. Меѓутоа, дисциплината, во суштина, не подразбира учениците да го направат тоа што ние сакаме тие да го направат, бидејќи тоа го прават диктаторите, а ние не сме диктатори, туку воспитувачи. Дисциплината значи обезбедување на средина во која ќе се одвива позитивна настава и позитивни учења истовремено, не е контрола однадвор, туку е цел одвнатре. Цел на дисциплината во една училница е таа да ја намали потребата да наставникот одвреме навреме да интервенира, за да им помогне на учениците да го контролираат сопственото однесување. Наставникот, за таа цел, применува разни техники на дисциплина (тие обично развиваат сопствени стилови на дисциплина за нивните ученици) за да им помогне на учениците да го променат несоодветното однесување, како и да го совладаат чувството на самодисциплина кое ќе го применат во училиштето и надвор од него.

Една од најчестите класификации на негативното однесување (недисциплината) кај учениците и децата, воопшто, е следната:

***-агресивност*:** физички или вербален напад кон наставникот или соучениците

***-аморалност:*** препишување, лажење и крадење

***-спротивставување кон авторитетите*:** неприфаќање и одбивање за извршување на барањата на наставникот или другите училишни фактори
-*прекинување:* зборување со висок тон, викање во училница, излегување од училница, фрлање отпадоци, постојано засмејување на останатите ученици
-*занесеност:* шетање низ училница без потреба, неизвршување на домашните задачи итн.

Авторите создале различни филозофии за начинот на формирање на свест за дисциплина или самодисциплина кај учениците, што е предуслов за успешно учење и функционирање во животот, воопшто. Повеќето од нив се сложуваат со фактот дека наставниците многу често прават грешка при користење на *"стоп"* пораките, наместо *"започни....."* пораките. Ова се случува дури во почетните одделенија од образованието, сакајќи наставниците да "воспостават" ред и дисциплина во нивните училници, им забрануваат на учениците да направат нешто што не е во контекст со моменталната работа во училницата. Тие изречито ги прекинуваат учениците во нивните намери, со што ја гушат секоја иницијатива која доаѓа од нив. Затоа, повеќето автори кои прокламираат стратегии за создавање на самодисциплина кај учениците, предлагаат во тие ситуации наставниците да користат една поумерена воспитна мерка или стратегија – *супституција*, или заменување на несоодветната активност на ученикот со некоја активност во рамките на наставната ситуација, како пример: отвори на стр. 20 и прочитај ја песничката; да видиме дали знаеш некоја интересна анегдота во врска со; која задача по математика ти беше најлесна, а која најтешка, итн. Со стратегијата на супституција, на неприметлив начин, ќе го свртиме вниманието на ученикот кон учењето, спонтано, со благ тон, а тоа што е најбитно, фокусот не го ставаме на негативните однесувања на учениците, туку важност се придава на учењето. На тој начин, и најмалиот ученик успешно ќе ја сфати пораката од наставникот и кај него ќе се развиваат позитивни емоции, што е важен предуслов за создавање на долготрајниот и сложен процес на самодисциплина, кој ќе резултира со позитивни ефекти во натамошниот живот на ученикот.

## МОДЕЛОТ НА РУДОЛФ ДРАЈКУРС ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНА

Рудолф Драјкус е авторот кој се препозна во светот на воспитното влијание врз учениците како автор на филозофијата за демократско учење, давајќи придонес во полето на воспитание на децата со низа важни концепти и стратегии за воведување на дисциплина во училницата. Главната цел на работата на Драјкурс е да им помогне на наставниците да создадат една демократска училница, демоскратски стил на поучување и воспитно влијание и можности кај децата да се формираат социјални интереси и чувство на припадност. Меѓу првите Драјкурс ги откри причините за несоодветното однесување на децата. Почетоците на теоријата на Драјкурс се темелат токму на барањето за еднаквост на децата во животот, воопшто, а во училницата посебно, што, се разбира, е основата на секое демократско живеење. Да се биде еднаков, според Драјкурс, значи да се третираме еден со друг со иста почит, принцип кој, ако се применува во училницата, ќе создаде добри предуслови за развој на продуктивна дисциплина. Тој ги дефинира основните психолошки премиси кои ни овозможуваат да живееме како слободни луѓе. Тие премиси, на кои се заснова Драјкурсовата теорија на дисциплина, се следниве:

1. Човекот е социјално суштество и неговата главна цел е чувството на припадност, тоа е карактеристично и за децата и за возрасните.
2. Секое однесување на човекот е со одредена цел. Никој не може да го сфати однесувањето на човекот додека не ја сфати целта кон која се стреми одредена личност, било да се работи за дете или возрасен човек. Додека детето или возрасниот имаат несоодветно однесување, тоа ни кажува дека има погрешни идеи за начинот на кој ќе се покаже важен.
3. Човекот е битие кое одлучува: решава што навистина сака да прави, често пати и без да биде свесен за тоа.

4. Човекот е едно холистичко битие, кое не може да се сфати со помош на одделни карактеристики. Ова е многу битна премиса во животот на човекот, бидејќи ни овозможува да го сфаќаме како целосна индивидуа и да прифаќаме "модел" на однесување.

5. Човекот не ја перцепира реалноста онаква каква што е, туку како што ја сфаќа, а ова перцепција може да биде погрешна или очекувана.

Овие премиси Драјкурс ги применувал во текот на својот работен век при различни истражувања и дошол до заклучок дека човекот има потреба да припаѓа на одредена социјална група, односно дека припаѓа на одделението/групата и има важно место во таа група, да чувствува дека тој има одредени вредности и дека може да придонесе во таа група. Чувството на припадност Драјкурс го нарече *основна цел на социјалното однесување на луѓето.*

Поаѓајќи од горенаведените премиси, Драјкурс даде две основни сугестии за наставниците, со цел да им помогне тие да овозможат дисциплина во нивните училници. Тие сугестии се:

- Наставниците да имаат демократска клима во одделението и демократски стил на поучување/настава, за да им помогне на учениците да ги развијат чувството на припадност и социјалниот интерес.
- Да ги откријат и третираат погрешните цели кои го пратат ученикот кога не се во можност да согледат што е правилно, а што е неправилно. Тој ги опиша недоличните однесувања кои се пропратени со погрешни цели, и даде упатства како да се делува за позитивно да се ориентира однесувањето.

Драјкурс мисли дека дисциплината во одделението е возможно да се постави доколку се усвојат следниве концепти:

- Учениците се одговорни за нивните постапки.
- Учениците треба да се почитуваат себе си и другите околу нив.
- Учениците имаат одговорност да влијаат на другите за да се однесуваат соодветно.
- Учениците мора да знаат кои се последиците од нивното несоодветно однесување.

Во воспоставувањето на позитивна дисциплина во училницата важна улога има и наставникот со неговиот стил на водење. Автократскиот, демократскиот и толерантниот тип на наставник помеѓу себе се разликуваат според тоа дали диктираат пресија однадвор или овозможуваат внатрешна стимулација за дисциплина кај учениците. Современото општество и современото училиште бараат модел на демократски наставник кој овозможува раководење и насочување со помош на воспоставување на правила и последици од неизвршување на истите. Таквите наставници однатре ги мотивираат учениците, ги самоактивираат, одржуваат уредност, а честопати им даваат на децата сами да донесат одлуки, а последиците од нивните правилни и неправилни одлуки сами ќе ги чувствуваат. Тие ги учат децата дека слободата е цврсто поврзана со одговорноста. На тој начин, овие наставници ги учат децата да се однесуваат на начин на кој тие сами ќе посакаат, знаејќи притоа што ги очекува во иднина. Ова придонесува за учење на самодисциплината од страна на учениците, тие да ги ограничуваат нивните избори. Според Драјкурс, децата/учениците избираат несакано однесување само заради тоа што не разбираат дека тоа имплицира несакани последици. Затоа Драјкурс смета дека демократската училница бара: правила, ограничувања, готовност за да се завршат работите до крај, добрина/позитивност, учество на учениците во донесување и почитување на правилата, раководење од страна на наставникот, покана за соработка и отстранување на конкуренцијата на час, развој на чувството за припадност преку наставни и вонннастани активности, слобода за откривање, барање и избор на посакувано однесување преку сфаќање на одговорностите и последиците поврзани за тоа.

Голем дел од својот работен век Драјкурс работел на проблемот на откривање на причините *зошто учениците грешат*. Истражувањето на комплексот на инфериорност, инстинктот на агресивност итн., го навеле на заклучок дека постојат четири погрешни цели на учениците кои нив ги наведуваат кон негативно однесување, односно недисциплина. Според Драјкурс, тие погрешни цели се:

***1.привлекување на внимание***

Кога ученикот чувствува дека не добива заслужено внимание, тој "решава" да биде недисциплиниран, сака наставникот да му покаже внимание, почнува да им пречи на учениците кои работат, одбива да заврши училишни обврски, има посебни побарувања или поставува бесмислени прашања сѐ додека наставникот не му посвети внимание. Посветувањето внимание на недисциплиниран ученик не само што нема да го подобри неговото однесување, во спротивно, тоа ќе стане полошо, бидејќи се зголемува постојано потребата за внимание, цело време мотивирано однадвор. Доколку ученикот не добие тоа што сака, ќе преминува кон втората погрешна цел, барање на авторитет.

***2.барање на авторитет***

Во оваа фаза на недисциплина ученикот размислува во насока дека доколку му се спротивставува на наставникот тој ќе го добие тоа што ќе го посака. Потребата за авторитет се изразува со помош на гласот, противењето, лагата, нервните испади и непријателството. Главна цел на ученикот во оваа фаза е да го доведе наставникот во конфликтна ситуација со него, и без разлика кој "победил", ученикот е задоволен со позицијата на наставникот, "успеал да го изнервира". Меѓутоа, има ученици кои, доколку излегуваат како "губитници" од оваа битка со наставникот, кај нив се појавува и многу брзо расте чувство и голема потреба за осветa.

***3.потреба за освета***

Во оваа фаза на погрешна дисциплина, ученикот се однесува агресивно, диво и ги тортурира другите, бидејќи размислува на тој начин дека ако ги оштети другите ќе се чувствува реализирано и важно. Овие се учениците кои ги изгубиле гореспомнатите битки и бараат начини да се реваншираат и на соучениците и на наставникот, а тоа ќе им послужи како негативна компензација за тоа што го "претрпеле". Во тие ситуации ученикот се чувствува како победник, но истовремено и безвредно, а тоа чувство го поттикнува да стори и други испади на недисциплина, дури и потешки.

***4.неприлагодливост***

Оваа е состојба кога ученикот се чувствува неспособен и без поддршка, а со тоа како целосно пропаднат. Веќе не му е битно дали ќе постигне нешто или не, тој се повлекува од секаква ситуација и се обидува да го зачува тоа малку достоинство што му останало. Во оваа фаза ученикот веќе почнува да се изолира од сите училишни активности, одбива соработка и не се дружи со деца.

Наставниците во нивната практика сигурно често пати се соочуваат со ваквите погрешни цели на нивните ученици, па затоа е многу битно да се оспособат да ги менаџираат успешно овие ситуации. Најпрво, наставникот треба да ја идентификува погрешната цел кој го следи ученикот. Драјкурс дава некои упатства за наставникот кои ќе му помогнат да ја идентификува фазата во која се наоѓа ученикот: доколку ученикот престане еднаш и пак започне со несоодветно однесување, тој бара внимание; ако одбива да се подобри или се зголемува недисциплоната на ученикот, тогаш тој бара моќ или авторитет во одделението; ако стане агресивен тогаш бара одмазда и, на крајот, ако одбива активности на часот или комуникација со врсниците, тој има чувство на неприлагодливост.

Втор чекор во процесот на креирање дисциплина во училницата е индивидуалната воспитна работа/дискусија со ученикот, со дружељубив тон, поставувајќи ја во центарот логиката на грешката и обидувајќи се да ја пронајде целта што се крие зад таквото однесување. Многу е важен моментот на поставување комуникација со тие ученици. Наставникот може да почне комуникација поставувајќи прашања од типот: *Дали сакаш да ти посветам повеќе внимание?, Дали сакаш да ме повредиш мене или, пак, другарчињата од одделението?, Дали сакаш да ме увериш дека си неспособен?* итн.

Тоа што е битно за креирање демократска дисциплина и однесување на учениците во училницата е дека наставникот треба да покаже внимание кон детето во моментот кога тој тоа го бара. Тоа се

смета за клучен момент за развој на внатрешна мотивација кај учениците, а не да се чека внимание однадвор. За која било фаза на недисциплина и да се работи, според Драјкурс, наставникот никогаш не треба да се обесхрабри за реагирање, туку треба да биде чувствителен во неговите реакции кон тие ученици. Драјкурс сугерира такво однесување за наставникот, бидејќи ако тој не реагира, ученикот ќе се почувствува супериорно и ќе продолжи со неприфатливото однесување. Наставникот треба да најде начин како негативното однесување да го ориентира во друга насока, секогаш применувајќи благи воспитни мерки: *лошото со добро се победува.* Казната како воспитна мерка треба што поретко да се примени, а поттикнувањето на учениците е многу важна воспитна мерка. Со тоа им кажуваме на учениците, и покрај сето тоа што тие го прават, дека, сепак, имаме верба во нивните способности.

**СОЗДАВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНА ПРЕКУ САМОКОНТРОЛА**
**– ТОМАС ГОРДОНОВА ТЕОРИЈА**

Томас Гордон, познатиот клинички психолог, е творец и раководител на центарот "Gordon Training International". Тој е пионер во учењето на методите за развој на комуникациските способности и начините за решавање на конфликти, наменети на родителите, наставниците, младите и раководителите на разни организации. Во неговите дела и програми за стекнување вештини, Гордон им сугерира на наставниците и родителите стратегии за помош на нивните деца, за тие да бидат поосамостојни, да го развијат чувството за самоконтрола и чувството за соработка. Централните идеи на Гордоновиот модел, креирани во 1974 год., се состојат од следниве поставки:

- човечкото битие е саморегулирачко и самото може да научи да го ориентира своето однесување
- ученикот станува престапник кога наставникот навлегува интензивно и го модифицира неговото однесување
- учениците реагираат на дисциплината наметната од моќта на возрасните, давајќи отпор, станувајќи агресивни, осветувајќи се, изолирајќи се, консумирајќи наркотици итн.
- наградите ги минимизираат внатрешните мотиви на учениците и ги поттикнуваат да бидат продуктивни само ако се навестува награда
- пред да решаваме некој дисциплински проблем со учениците, треба да одредиме точно кај кого се појавил проблемот: кај ученикот или наставникот
- учениците полесно ги решаваат проблемите кога се уверени дека тие се прифатени од наставникот и соучениците
- активното слушање на наставникот е битен момент во создавањето на однос на доверба и примање на индиректните пораки дадени од учениците итн.

Гордон верува дека за да бидеме влијателни кај учениците, треба да го користиме методот на "најсилниот", но со голема претпазливост кај ученикот да не ствара отпор или арогантност, туку да развие самовоспитание и самоконтрола.

За Гордон, зборот недисциплина или неприфатливо однесување постои само во речникот на родителите и наставниците, додека децата и учениците таквата ситуација не ја перцепираат на тој начин. Тие мислат дека го прават тоа што претставува нивна вистинска потреба во тој момент. Значи, негативното однесување се доживува од возрасните, а не и од децата. Ако го разбираме и прифаќаме овој факт, и како родители и како наставници, ќе ги прифатиме полесно децата, но не да го одобриме таквото несоодветно однесување, туку нивната потреба за да ги задоволат своите моментални потреби.

Гордон смета дека колку подемократски е начинот на третирање на дисциплинските проблеми во училницата, толку позадоволни ќе бидат и наставниците и учениците. Гледано традиционално, дисциплинирањето на детето како на училиште, така и дома, се реализирала преку авторитарни методи. Авторот чувствува потреба од коренити промени во начинот на кој воспитувачите работат

со децата од сите општествени слоеви. Според Гордон, еве некои конкретни ситуации кои треба да се трансформираат во демократски:

- Физичката казна која се применувала често како воспитна мерка, истовремено била и религиозна традиција.
- Родителите мислат дека најлошото што може да му се случи на нивното дете е тоа да има проблем со законот. Ова кажува дека родителите, пред сѐ, сакаат нивните деца да се воспитуваат како совесни граѓани.
- Повеќето од родителите и наставниците веруваат дека децата ќе станат саморегулаторни битија како последица од директната контрола којашто возрасните ја вршат врз нив. Но, во реалноста, најчесто, се случува спротивното.
- Казнувањето не ја запира агресивноста кај детето туку, напротив, ги прави поагресивни.
- -Кога се применува авторитативна дисциплина, учениците практикуваат негативни модели на однесување, како што се: отпор, агресивност, арогантност, лажење, бегање, формирање на алијанси (групации), плачење, се чувствуваат болни, ги командуваат другите (послабите од нив), се одмаздуваат, се оддаваат на дрога или алкохол, како и на потешки начини на социјално однесување. Со овие начини на негативно однесување тие трагаат по сопствената автономност.
- Многу наставници и родители им даваат награди на децата и тоа го прават со уверување дека со сигурност тоа го очекуваат и сакаат децата. Но, ова доведува до постојано очекување на награда од децата кои учат или прават добри дела и, од друга страна, постои страв кај другите кои не се наградуваат – тие очекуваат казна.
- Повеќето наставници веруваат дека оценките се награди и како такви ги мотивираат учениците да постигнуваат високи резултати, но тие ќе почнат да се мотивираат за добра оценка, наместо да се мотивираат да учат итн.

**Техники за самоконтролирачката дисциплина**

Томас Гордон е автор кој во својот работен век работел на техниките за формирање самоконтрола кај учениците, со цел да се елиминираат пречките во односот наставник-ученик, за да се идентификува чиј е проблемот кој постои во одделението и разрешување на истиот, за изнаоѓање успешни начини на комуникација во релацијата наставник-ученик. Гордон дава можни алтернативи со кои наставникот ќе им помогне на своите ученици да формираат самоконтрола:
*откриј ги потребите на ученикот*. За да се реализира ова барање, авторот го советува наставникот да го прифати однесувањето на ученикот како обид да се задоволат нивните потреби, а не како недисциплина. За да формира вакво уверување, наставникот треба со внимание да ги прима и анализира пораките на учениците. Треба да му биде јасно дека однесувањето на ученикот секогаш има некоја скриена причина.

***-примени супституција*:** ако еден ученик прави недолично однесување во училницата додека наставникот ја брише таблата, треба да се покани да помогне или да донесе креда. Ако тоа што му го предлагате на ученикот како супституција е мотивирачко и интересно за ученикот, го поттикнувате за нешто продуктивно и го оттргнувате од недисциплина.

***-промени го амбиентот*:** обично училниците се преоптеретени со експонирани материјали по ѕидовите или рафтовите, но има и посиромашни училишни амбиенти. Промената на амбиентот позитивно влијае во подобрување на однесувањето на учениците. Промени може да се прават и во правилата во училницата, наставните методи или со учество во воннаставните активности на учениците со проблеми во дисциплината.

***-биди слушател*:** начинот на решавање на проблемот само со слушање овозможува ослободување од стресовите и чувствата и створа можности наставникот да се покаже како волен за помош и комуникација, прифаќајќи го ученикот со сите недостатоци што ги има. Да се биде слушател значи

да се слуша пасивно или активно. Пасивносто слушање е слушање на ученикот не вклучувјќи се воопшто во разговорот, давајќи му можност да се доискаже до крај. Со вербална и невербална реакција, со зборови како: навистина, интересно, ве разбирам, со лесно смеење итн. наставникот ја почитува личноста на ученикот. Активното слушање треба да се користи за да се разбере проблемот во длабочина, давајќи му до знаење на ученикот дека сме го разбрале проблемот. Во целиот овој процес многу е важно стекнувањето доверба меѓу наставникот и учениците.

Ова е само дел од стратегиите за формирање на самоконтрола од страна на учениците, коешто е многу важно за создавањето на дисциплина во училницата. Во методиката на воспитнаsа работа се познати разновидни стратегии, методи, воспитни средства и модели за формирање самоконтрола, а со тоа и дисциплина во училницата што, од друга страна, е предуслов за здрав и правилен развој на личноста на ученикот.

**ЗАКЛУЧОК:**

Кога се соочуваме со реалноста во училницата, секогаш се сложуваме со фактот дека е многу тешко да се раководи со една училница, овозможувајќи притоа здрав воспитно-образовен амбиент и истовремено исполнување на потребите на секој ученик поединец. Тоа е чекорење преку еден вистински мозаик на разни форми на однесување од разни ученици. Во вакви ситуации, улогата на наставникот во надминување на проблемите со дисциплината е одлучувачка. Тој треба да му прати порака на ученикот, станувајќи активен чинител во решавањеио на дисциплинските проблеми. За да се трансформира неприфатливото однесување на ученикот во прифатливо, наставникот треба истовремено да се занимава и да интервенира со три важни фактори: со ученикот, со амбиентот за учење и со самиот себе.

Често пати стратегиите кои се зацртани од авторите кои се бават со проблемите во дисциплината на учениците не вродуваат со плод, зашто учениците продолжуваат со недоличното однесување. Тоа што се предлага како алгоритам на постапки и чекори за решавање на проблемите поврзани со дисциплината, се следниве:

***-дефинирај го проблемот*****:** има случаи кога наставникот не комуницира директно со уечникот и проблемот останува прикриен. Понекогаш самиот наставник не ги изразува своите емоции и предлага решение на проблемот кој сè уште не е дефииран, како на пример: *Биди мирен*, како решение на проблемот, наместо да рече: *Јас сега не можам да ги слушам останатите ученици кои истражуваат.* Оваа фаза е многу битна и од неа зависи успешноста на решавање на проблемот.

***-предлагај можни решенија на проблемот:*** и учениците и наставникот треба да предлагаат решавања на проблемот кои се запишуваат на табла или хамер.

***-вреднувај го секое решение:*** откако сме ги запишале решенијата, треба да се покани ученикот да ги прочита на глас и да даде сопствено мислење за најсоодветното решение според него.

***-преземи одлука:*** не одлучувај преку гласање, поттикнувај дискусија и одлучувај откако ќе се донесе консензус.

***-определи на кој начин ќе се реализира избраното решение на проблемот:*** во оваа фаза се одредува што ќе се направи понатаму, како ќе се направи и кој тоа ќе го направи.

***-определи го степенот на успешност на одлуката:*** одлуката може да биде соодветна или несоодветна: ако е соодветна, сè е во ред, ако не е, треба да се продолжи да се трага по вистинското решение на проблемот.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРТУРА:**


1. Bojaxhi, A., (2004) Disciplina në klasën mësimore, Botimet Toena, Tiranë.
2. Dreikurs, R. and Grey, L., (1968/1993) *Logical Consequences: A New Approach to Discipline,* New York: Plume, pp. 143-44.
3. Wolfgang, C.H., (2001) *Solving Discipline and Classroom Management Problems: Methods and Models for Today's Teachers*, New York: John Wiley and Sons.
4. Gordon, T., (1989) *Discipline that works:Promoting self-discipline in children,* New York: Random House.
5. Gordon,T., (1974**)** T.E.T.:*Teacher Effectivenes Training*,New York:David McKay.
6. http://wik.ed.uiuc.edu/index.php/Dreikurs%2C_Rudolf
7. http://www.positivediscipline.com/What_is_PD_Article.pdf